Методија МАНОЈЛОВСКИ

# ПРОФЕСОР Д-Р АНДРИЈА ЛАИНОВИЌ

## (По повод 80 години од раѓањето)

Годинава професор д-р Андрија Лаиновиќ, еминентен југословенски научник и педагог слави несекојдневен јубилеј — 80 годишнина од животот.

Професорот д-р Андрија Лаиновиќ е роден на 8 ноември 1903 година во Грахово (општина Никшиќ), СР Црна Гора. Потекнува од занаетчиско-трговско семејство. Основното образование го завршил во Подгорица, а гимназиското го стекнал со прекини, поради познатите воени настани. Во учебната 1923/24 година се запишал на Филозофскиот факултет во Белград, група за историја, компаративна книжевност и француски јазик со литература. Учебната 1924/25 ја поминал на Сорбона, во Париз, каде следел предавања од француски јазик, историја и книжевност. Студиите во Белград ги завршил 1927 година. За време на летниот распуст во 1930 година, професорот Лаиновиќ бил повторно во Париз поради стручно усовршување и прибирање на материјали за својата професорска теза: „Печатот на Западна Европа за Граховската битка во 1858 година”. Во јули-август 1951 година, преку Сојузното министерството за просвета и Комисијата за културни врски со странство во Белград, го посетувал Меѓународниот семинар на историчарите организиран од УНЕСКО во францускиот град Севр.

Во втората половина на 1954 и првата половина на 1955 година, како стипендист на француската влада престојувал и истражувал во париските архиви подготвувајќи ја својата докторска дисертација под наслов: „Француското политичко влијание во Црна Гора од 1853 до 1860 година“ (L'inlfuence de la politique francaise an Monténégro de 1853 a 1860), која ја одбранил на Сорбона во 1956 година. Во почетокот на 1963 година провел месец дена на научна работа во Париз и Шатијон на Сена.

Првото вработување на професорот Лаиновиќ по дипломирањето е сврзано со неговата наставна дејност во Вишата реална гимназија во Подгорица 1927 година. По познатите поли-

тички демонстрации од 18 февруари 1935 година бил преместен во Ливно. Од октомври истата година до 1940 работел како професор во Вишата реална гимназија во Никшиќ.

Во текот на војната професорот Лаиновиќ бил директор на нижата гимназија во Биело Поле, која од денот на востанието на црногорскиот народ и народностите 13 јули 1941 година не работела бидејќи градот бил постојано под блокада, и во гимназијата во Беране, (денешен Иванград) каде бил принудно преместен, а од јули 1943 до октомври 1944 година останал без работа и како сомнителен бил често вознемируван и затворан од окупаторските власти.

Од 1944 до 1948 година работел во Банат како просветен референт во Командата на место во село Лазарево, потоа како професор во нижата гимназија во Јаша Томиќ и директор во Српска Црња и Волошиново (Нови Бечеј).

Во мај 1948 година, одѕивајќи се на позивот на владата на НР Црна Гора, дошол во Цетиње каде покрај професорската дејност во Средната партиска, Средната медицинска и Вишата педагошка школа (1948-1956), бил инспектор во Министерството за просвета, директор на новоформираниот Завод за унапредување на школството во Титоград (1956—1957), и директор на Институтот за историја на НР Црна Гора (1957-1958).

Од 1959 па сè до неговото пензионирање 1975 година професорот Андрија Лаиновиќ живее и работи како универзитетски професор на Филозофскиот факултет во Скопје. Непосредно пред неговото доаѓање во Скопје бил избран за вонреден а во 1966 година за редовен професор на ННСГ за историја за предметот: Историја на народите и народностите на Југославија-нов век. Паралелно со неговата професорска дејност на Филозофскиот факултет во Скопје, од 1963 година, по покана како хонорарен професор, предавал и на Филозофскиот факултет во Приштина.

Уште од раната младост проф. Лаиновиќ покажувал интерес за општествениот живот особено со оглед на бурните историски настани што се случувале во тоа време. Неговите први осознавања во тој правец дошле до израз уште во гимназиските денови. Посебен интерес пројавувал и со симпатии ги следел манифестациите на работничкото движење. Активно бил вклучен во организирањето и работата на разновидни, по својот карактер, друштва во гимназијата: литературни, трезвењачки, спортски, и други.

За време на студирањето на Универзитетот во Белград се вклучил во работата на студентскиот марксистички клуб „Прогрес“, чиј секретар станал во учебната 1926/27 година. Клубот работел легално, а илегално одржувал состаноци по системот на факултетски ќелии на кои се обработувала илегална марксистичка литература. Членовите на овие ќелии во текот на летниот распуст биле непосредно поврзани со месните пар-

тиски раководства и активно ја продолжувале политичката работа со работничката младина во своите места на живеење. Со една од овие ќелии во Подгорица раководел и проф. Лаиновиќ.

Своето марксистичко образование проф. Лаиновиќ го надополнил и проширил во текот наедногодишниот студентски студентски престој во Париз, каде непосрерно имал контакти и со револуционерното движење. Како резултат на неговата ориентација и ангажираност, станал член на Студентскиот антифашистички сојуз во Париз (Alliance défensive des etudiants antifasistes).

По враќањето во Белград активно учествувал во организирањето и работата на студентските здруженија за компаративна книжевност, за француски јазик и литература.

Оваа негова активност не останала незабележена од полицијата.

До Априлската војна проф. Лаиновиќ главно се бавел со наставна, новинарска и научна дејност.

За време на фашистичката окупација на нашата земја како сомнителен постојано бил под присмотра од окупаторските власти. По капитулацијата на Италија во септември 1943 година и палењето на гимназиската зграда во Беране од страна на Германците, проф. Лаиновиќ, откако останал без работа, со една група го напуштил градот. Групата по долго и неизвесно талкање била заробена од една наоружена балистичка банда, која ги предала на Германците во Пеќ. Од логорот во којшто Германците го затвориле, проф. Лаиновиќ успеал да се префрли до Белград, и оттаму со лажни документи преминал во село Лазарево (во близинатана на Зрењанин) кај семејството на својата сестра.

За време на престојот во Банат (1944—1948) проф. Лаиновиќ бил мошне активен во општествено-политичкиот живот. Со ослободувањето на Лазарево тој учествувал во формирањето на првиот Народноослободителен одбор во истото село (1 октомври 1944 година), бил дописник на „Слободна Војводина" во Нови Сад, основач и прв претседател на Друштвото за културна соработка на НР Србија со СССР во Српска Црња, претседател на Месниот народен фронт во Волошиново (Нови Бечеј).

По враќањето во Црна Гора активно се вклучил во работата на повеќе општествено-политички организации, културно -просветни, стручни и научни друштва. Посебна активност развил во работата на Сојузот на друштвата на историчарите на СР Црна Гора и на Сојузот на друштвата на историчарите на СФР Југославија.

Со доаѓањето во Скопје (1959 година) проф. Лаиновиќ, покрај сестраната ангажираност во воспитно-образовниот и наставниот процес на ННСГ за историја при Филозофскиот фа-

култет, развил плодна дејност во повеќе општествено-политички организации и самоуправни тела како на Факултетот така и надвор од него. Во учебната 1970/71 и 1971/72 година бил шеф на ННСГ за историја, потоа претседател на ОО на Сојузот на синдикатите при Факултетот, член на Друштвото на универзитетските наставници, член на Советот и Управниот одбор на Филозофскиот факултет. Покрај тоа, проф. Лаиновиќ бил член на Комисијата за издавање на универзитетски учебници, член на Комисијата за државен стручен испит за звањето професор при Советот за школство на СРМ, член на Редакцијата за објавување на француски документи за историјата на македонскиот народ при Архивот на Македонија. Освен тоа, бил член на Архивскиот совет на Југославија, член на Советот на Институтот за национална историја и на Советот на Архивот на Македонија, член на Друштвото на фолклористите на Македонија, а во Белград членувал и во Научното друштво за проучување на историјата на медицината.

Проф. Лаиновиќ повеќе од 50 години се занимава и со научно-истражувачка дејност. Импозантен е неговиот творечки опус, кој содржи преку триста библиографски единици. Неговиот научен интерес за проучување на историското минато на црногорскиот народ, како и на другите југословенски народи и народности, датира уште од гимназиските и студентските денови. Меѓутоа, со позабележителна научна дејност доаѓа до израз по ослободувањето на нашата земја. Резултатите од оваа негова работа се презентирани во поголем број стручни и научни списанија ширум нашата земја, а и во странство.

Проф. Лаиновиќ во предвоениот период објавувал во напредниот печат („Слободна мисао“, „Зета“, „Радни народ“, „Млада Зета“, „Записи“, „Народна ријеч“, „Разврш̀је“, „Гранит“, „Гласник Југословенског професорског друштва“, „Годишњак наставника Подгоричке гимназије“), најчесто под псевдонимите (Asurbanipal, Asur, Стари Подгоричанин, М. Тврдиќ, Semper Idem) како и под иницијалите (А,А.И., А.Л., Ц.Ј., Г.П., М.В., М.Ц., М.М., А-д).

По војната неговите трудови главно ги објавувал во „Просветни рад“, „Историјски записи”, „Стварање“, „Годишњак педагошке академије“ у Никшиќу“, „Годишњак Поморског музеја у Котору”, „Сусрети“, „Библиографски вјесник“, „Слобода“, „Титоградска трибина“, „Овдје“, „Архивист“, „Прилози за књижевност, језик, историју и фолклор“, „Acta” historica medicinae, pharmacie et veterinae”, „Народно стваралаштво“ (Београд), „Летопис матице српске“ (Нови Сад); „Врањски гласник“ (Врање) „Настава историје“, Хисторијски преглед“, „Хисторијски зборник”, „Annales de l'Institut Français de Zagreb” (Загреб): Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје“, „Историја“, (Скопје), „Преглед“ (Сарајево) „Годишњак покраинског државног архива” (Приштина)” L'Hellénisme contemporain

„Атина), „Questions actuelles du socialisme" (Париз), „Енциклопедија Југославије" и други.

Покрај тоа бил одговорен уредник на „Историјски записи" (1957—1958), како и еден од уредниците на „Годишњак наставника Подгоричке гимназије".

Со бројните научни студии, статии, прилози и други трудови, проф. Лаиновиќ многу придонел на историографски план во поставувањето и расветлувањето на бројни проблеми од нашата нововековна историја. При тоа негова главна научно-истражувачка преокупација е историјата на црногорскиот народ со посебени нтерес кон меѓународните врски на Црна Гора, особено со Франција. Во таа смисла посебно треба да се истакнат неговите монографски трудови: Три Француза о Црној Гори (Цетиње, 1949); Кратак преглед на прошлост Титограда (Цетиње, 1950); Побједа на Граховцу у списама савременика (Цетиње, 1958). Освен тоа тој интензивно ја истражувал и историјата на југословенските народи и народности со акцент на нивните взаемни врски. При тоа проф. Лаиновиќ пројавил посебен интерес во проучување на минатото на македонскиот народ, особено за одгласот на борбите на македонскиот народ за негова слобода на меѓународен план.

Во методолошка смисла, посебна карактеристика на неговиот творечки опус е аргументираноста врз проверени архивски и други извори, концизност во излагањето без непотребна опшиност која доведува до повторување на веќе познати факти, или парафразирање на веќе утврдените судови, потоа солидност и методичност во изнесувањето на настаните од историското минато и адекватно на тоа изведување на соодветни заклучоци и оценки. Во тие рамки посебно треба да се нагласи неговата умешност за критичко-научниот и компаративен пристап при обработката на прашањата што ги истражувал.

Како резултат на долгогодишните истражувања во југословенските архиви и библиотеки (Скопје, Белград, Загреб, Задар, Цетиње, Титоград и Приштина), и во странските (Париз, Шатијон на Сена, Рим и други), проф. Лаиновиќ успеал да прибере, проучи и објави голем број архивска изворна документација. Во таа смисла, посебна заслуга има во прибирањето и објавувањето на француски архивски материјали, кои се однесуваат на нововековната историја на македонскиот народ. Дел од нив се објавени од Архивот на Македонија 1969 година во публикацијата: Француски документи за историјата на македонскиот народ (1878—1879), т. I (Во коавторство со Иван Катарџиев и Љубомир Герасимов).

Проф. Лаиновиќ голем дел од своите научни резултати ги презентирал на повеќе конгреси на историчарите на Југославија, на симпозиумите и на другите научни собири. Исто така со свои научни прилози зел учество во работата на Конгресот на фолклористите на Југославија во Цетиње, на годишното собра-

ние на Научното друштво за историја на медицината во Скопје, на симпозиумот за Петар Петровиќ Његош во Белград и други.

Како долгогодишен професор по историја во средните училишта и на Вишата педагошка школа во СР Црна Гора, во Банат, на ННСГ за историја при Филозофскиот факултет во Скопје и на Филозофскиот факултет во Приштина, проф. Андрија Лаиновиќ пројавил особена грижа во изградување на броен наставен кадар по историја за средното и високото образование. Посебна заслуга има и во изградување на научниот подмладок од областа на историјата, архивистиката и други сродни дисциплини. Проф. Лаиновиќ предавал на третиот степен-постидипломски студии при ННСГ за историја на Филозофскиот факултет во Скопје. Под негово раководство и менторство, поголем број историчари од СР Македонија и од другите социјалистички републики и покраини, се здобиле со звањата магистер или доктор по историски науки, архивистика и сл.

За својата долгогодишна и плодна просветно-педагошка, научна и општествена дејност проф. Лаиновиќ е одликуван со Орден на трудот со црвено знаме и Орден на трудот III ред. Добитник е и на повеќе други признанија, како Плакета од Филозофскиот и Филолошкиот факултет по повод 30 години од постоењето на овие високо-образовни институции, Плакета од Универзитетот „Кирил и Методиј“ по повод 30-годишнината од основањето и работата, Признание од Историскиот институт на СР Црна Гора за долгогодишна соработка, Благодарница од Сојузот на друштвата на историчарите на СР Македонија и други.

Со својот животен пат, со педагошко-просветната и општествена активност, а особено со широката тематика од својот научно-истражувачки опус професорот Лаиновиќ дал своевиден пример, а со тоа и посебен придонес во ширењето и зацврстувањето на братството и единството на југословенските народи и народности.

Потсетувајќи се на бележливиот придонес на професорот д-р Андрија Лаиновиќ за развојот на југословенското средно и високо школство и на современата југословенска историографиска мисла, Редакцијата на списанието „Историја“, органот на Сојузот на друштвата на историчарите на СР Македонија, на овој начин се придружува кон одбележувањето на неговиот 80-годишен јубилеј.